**20261031573**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 18 став 1 од Законот за развој, производство и промет на воени стоки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 298/21 и 58/26), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 мај 2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА БАРАЊА ЗА ДОБИВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА ВРШЕЊЕ ПРОМЕТ НА ВОЕНИ СТОКИ**

Член 1

Со ова решение се формира Комисија за разгледување на барања за добивање на дозвола за вршење промет на воени стоки во следниот состав:

1. За претседател на Комисијата се именува Фросина Симоновска Антевски, директор на Управата за наменско производство при Министерството за економија и труд,

2. За членови на Комисијата се именуваат:

- Јовица Јастревски, помлад соработник во Управата за наменско производство при Министерството за економија и труд, кој е воедно и заменик претседател на Комисијата,
- Џејлан Дурак, началник на одделение во Министерството за внатрешни работи,
- Елена Кузмановска Биондиќ, државен секретар во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија,
- Надежда Шопова Трајковска, помошник директор во Министерство за финансии - Царинска управа,
- Митре Тодоров, потполковник во Министерство за одбрана и
- Златко Ралев, началник на одделение во Агенцијата за национална безбедност.

3. За заменици членови на Комисијата се именуваат:

- Маја Јованоска, раководител на одделение во Министерството за економија и труд,
- Надица Ангова Колевска, началник на одделение во Министерството за внатрешни работи,
- Елионора Тодоровска, помошник директор во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија,
- Ѓорѓи Илиев, шеф на служба во Министерството за финансии-Царинска управа,
- Љупче Ѓорѓиевски, потполковник во Министерството за одбрана и
- Вера Димитриевска, началник на одделение во Агенцијата за национална безбедност.

Член 2

Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за формирање на Комисија за разгледување на барања за добивање на дозвола за вршење на промет на воени стоки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 117/23).

Член 3

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-3726/10
12 мај 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.